**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-202/8**

**Скопје, 06.06.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЛИПКОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Липково за 2004 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Липково за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :
- Усамедин Алили - градоначалник на општина Липково од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 21.02 до 06.03.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор
- Катица Николовска, виш ревизор
- Катерина Чаловска-Алексовска, ревизор и
- Стојан Николовски, помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и на одредбите за благајничко работење и ревизијата ги утврди следните неправилности:
- Не е донесена Одлука за утврдување на благајнички максимум;
- Благајничките извештаи не се изготвуваат редовно при секоја промена на состојбата во благајната, што е спротивно на одредбите за благајничко работење;
- Приложените сметкопотврди за извршените набавки во готово во износ од 831 илјади денари се формално-правно неисправни (не секогаш содржат име на фирмата-издавач освен печатот, не секогаш е наведен називот на примателот на услугите, не се ликвидирани, немаат обезбедено фискални сметки);
- Од благајната исплатени се 519 илјади денари за набавки во готово со сметкопотврди чии износи се поголеми од 100 евра во денарска противвредност што не е во согласност со одредбите од Законот за измени и дополнување на Законот за платен промет.

Наведените неправилности придонесуваат за нереално искажување на паричните средства во благајната.
**Препорака:**
Ревизијата цени дека квалитетот на благајничкото работење значително ќе се подобри доколку општина Липково пропише акт за благајничко работење во склад со позитивните законски прописи.

10.1.2. Спротивно на член 6 од Одлуката за извршување на буџетот на ЕЛС Липково за 2004 година број 07-51/2 од 23.03.2004 година, надоместот за превоз на вработените лица се исплаќа без да има обезбедено изјави за оддалеченост на местото на живеење до работното место. Исто така спротивно на член 8 од Одлуката, исплатата на надоместот за превоз од и до работно место и надоместот за хранарина се врши и за деновите кога вработениот е на службен пат.
Ова е резултат на долго применувана пракса и непостењето на внатрешни контролни постапки.

Непочитувањето на законските одредби придонесува за зголемени трошоци како и за незаконско и ненаменско трошење на средствата.

**Препорака:**

Исплатите на надоместоците да биде согласно Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност и Одлуката за извршување на буџетот на општината.

## 10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. Со увидот во сметководствената евиденција ревизијата утврди дека набавените материјали и ситниот инвентар не се евидентираат на залиха, ниту се евидентираат промените ( прием и издавање) на материјалите и ситниот инвентар кое не е во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Документацијата за прием и издавање на материјалите не е воопшто оформена ниту има задолжено лице за ракување со материјалите. Поради предходното се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар како и нема политика за евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар.

**Препорака:**

Согласно сметководствените принципи и начела утврдени со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници одделението за сметководство на општина Липково да воведе евиденција на набавениот ситен инвентар и неговото давање во употреба со соодветно зголемување и намалување на Фондот на залихи на материјали и ситен инвентар како и на набавките и потрошокот на материјали.

## 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.3.1. Ставката - Нето основни плати и наемнини е преценета во вкупен износ од 1,173 илјади денари поради:

- За повеќе пресметана и исплатена плата на Градоначалникот во износ од 80 илјади денари поради повисоко утврден коефициент спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката;
- Незаконски исплатените плати и надоместоци (надомест за превоз до и од работно место, надомест за хранарина, регрес за годишен одмор) на Претседавачот на Советот во вкупен износ од 136 илјади денари. Претседавачот на советот е вработено лице во општинската администрација што е спротивно на член 44 став 3 од Законот за локална самоуправа;
- За незаконско исплатени месечни надоместоци на Градоначалникот и Секретарот на Советот во износ од 130 илјади денари. Исплатата на овие надоместоци е спротивна на Законот за исплата на плати и други надоместоци на пратениците во собранието на РМ и на другите избрани и именувани лица во Република Македонија и Законот за локална самоуправа;
- Повеќе исплатени надоместоци за советниците на општина Липково во износ од 813 илјади денари. Висината на овие месечни надоместоци не е усогласена со висината утврдена во член 100 од Законот за локална самоуправа;
- Повеќе исплатени надоместоци за превоз до и од работно место во износ од 14 илјади денари. Висината на вака исплатените месечни надместоци не е во рамките на висината утврдена во Одлуката за извршување на буџетот на општина Липково за 2004 година.

Како ефект на овие незаконски исплати извршено е потценување на ставката Вишок на приходи над расходи во износ од 1.173 илјади денари.

**Препорака:**

- Исплатата на платата на Градоначалникот да се врши согласно одредбите на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката;
- Исплатата на надоместоците за Претседавачот на советот и советниците да биде во износи согласно член 100 од Законот за локална самоуправа;
- Надоместоците на вработените да бидат во склад со критериумите и висината утврдени со Општиот колективен договор.

10.3.2. Позицијата Плати, наемнини и надоместоци е преценета во вкупен износ од 462 илјади денари а поради:

- Преценување на ставката Нето основни плати и наемнини во износ од 100 илјади денари како резултат на пресметка и исплата на нето плати на вработените со коефициенти повисоки од коефициентите утврдени со Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност и
- Преценување на ставката Придонеси од плати и персонален данок во износ од 362 илјади денари за повеќе пресметаните и платените даноци и придонеси од плати поради повисоко утврдени нето плати на Градоначалникот, вработените и исплатената плата на Претседавачот на Советот.

Како ефект од овие незаконски исплати извршено е потценување на ставката Вишок на приходи над расходи во износ од 462 илјади денари.

**Препорака:**

При исплатата на платите на вработените да се почитуваат важечките законски прописи кои ја регулираат оваа област во моментот на исплатата.

10.3.3. Ставката - Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати - функционери е преценета во вкупен износ од 223 илјади денари, за исплатената нето функционерска плата на секретарот на Советот, за кој износ е потценета потставката Основни плати - работници. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката.

Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведеното лице, во согласност со критериумите кои важат за органите на Општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на претходниот наод врз вишокот на приходи над расходи.

**Препорака:**

При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица, за лицата кој имаат третман на функционери.

10.3.4. Ставката Комуникација и транспорт е преценета за износ од 135 илјади денари за кој износ е потценета ставката Вишок на приходи над расходи. Ова е резултат на набавените ваучери за мобилни телефони за чија набавка нема Одлука со која ќе се регулира потребата од набавка на истите и ќе се определат лицата на кои ќе им бидат дадени ваучерите на користење. Општина Липково нема донесено акт со кој би се дефинирале критериумите кои лица може да користат служебен мобилен телефон, месечниот износ кој би паднал на терет на расходите на општината и во кои случаи и за кого може да се врши набавка на ваучери.

Како ефект на ваквото работење се јавуваат нелимитирани трошоци по оваа основа и се нарушува принципот на наменско користење на средствата.

**Препорака:**
Надлежното одделение да донесе интерен акт со кој ќе се одреди на кои лица им следува користење на службен мобилен телефон и во истиот да се прецизира за кое лице до кој износ на трошоци ќе ги надоместува општината.

10.3.5. Извршено е преценување на ставката Други оперативни расходи во вкупен износ од 383 илјади денари за кој износ е потценета ставката Вишокот на приходи над расходи а поради:

- Направените расходи за прослава на денот на општина Липково „2-ри Мај" во износ од 228 илјади денари без да има донесено Програма од Советот на општината, без да се утврдат средства за оваа намена како и носителите за реализирање на Програмата за прослава на денот на општината, и
- Направени расходи за репрезентација во износ од 155 илјади денари преку благајната на општината за кои расходи освен каса исплати нема приложено никаква документација што е спротивно на член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Непостоењето на интерните акти односно планови и програми и непочитувањето на законските прописи придонесува за ненаменско користење на средствата со кои раполага општината.

**Препорака:**
Трошењето на средствата да биде согласно усвоениот буџет и одлуката за извршување на буџетот а сите финансиски трансакции да се темелат на веродостојна и уредна финансиска документација.

10.3.6. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на дел од расходите искажани на позицијата Стоки и услуги во вкупен износ од 3,073 илјади денари, а поради евиденција на финансиските трансакции врз основа на документација која не обезбедува доволно докази дека набавките или услугите се извршени ( фактурите не се архивски заведени, нема извештаи за извршените работи, нема потпис од лице вработено во општината кое ќе потврди дека работата е извршена, нема доказ каде се потрошени набавените материјали, кој ги примил и слично), кое не е во согласност со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, и тоа за следните ставки:

- Комуникација и транспорт во износ од 318 илјади денари;
- Материјали во износ од 70 илјади денари;
- Тековно одржување во износ од 477 илјади денари;
- Договорни услуги во износ од 599 илјади денари, и
- Други оперативни расходи во износ од 1,609 илјади денари.

Немањето на соодветни интерни акти и контролни постапки, доведува до можно неоправдано зголемување на расходите, непоткрепени со исправна и комплетна документација, а исплатите засновани на таква документација создаваат сомнеж за реалноста на направените трошоци (Прилог број 1).

**Препорака:**
Сметководствената евиденција на промените да биде врз основа на сметководствени документи согласно член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

10.3.7. Ставката Трансфери до домаќинства и физички лица е преценета во вкупен износ од 2,643 илјади денари поради што е потценет Вишокот на приходи над расходи за истиот износ, а поради:

- исплатените 12 илјади по основ на фактура од „Фикрет Туризам" за превоз на патници а за потребите на една од партиите од Куманово спротивно на надлежностите пропишани со Законот за локална самоуправа;

- евидентираните расходи во износ од 2,461 илјада денари кои се однесуваат на трансфери и набавки за јавни претпријатија, и тоа:
    - 430 илјади денари аванси до ЈП „Пенда“;
    - 719 илјади денари аванси до ЈП „Пиша„;
    - 335 илјади денари набавка на гориво за ЈП „Пиша“ за потребите на возилото за собирање смет;
    - 966 илјади денари за набавени 517 канти за собирање на смет за потребите на ЈП „Пиша“;
    - 11 илјади денари за исплатени дневници на лица вработени во ЈП „Пиша“

За расходите направени во име на јавните претпријатија на ревизијата не и беа доставени на увид годишните програми за работа на овие две јавни претпријатија усвоени од Советот, ниту пак беа доставени договори или други акти од кои би можело да се види по кој основ се извршени овие трансфери на средства до нив.
Советот на општина Липково нема донесено одлуки за набавки во име на јавните претпријатија, а со буџетот на општина Липково за 2004 година нема предвидено средства за финансирање на јавните претпријатија.
Трошењето на средствата за расходи кои не се предвидени со буџетот или со други интерни одлуки и решенија предизвикува незаконско и ненаменско трошење на средствата со кои располага општината.
**Препорака:**
Средствата од буџетот да се користат за намените кои се утврдени со основниот буџетски документ.

10.3.8. Поради евиденција на дел од настанатите расходи спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите, ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, и тоа:

- ставката Патни и дневни расходи е преценета за износ од 11 илјади денари, а поради што е потценета ставката Комуникација и транспорт за погрешно евидентирани расходи за набавка на гориво;
- ставката Материјали е преценета за износ од 52 илјади денари, а поради што се потценети ставките:
    - Тековно одржување во износ од 5 илјади денари;
    - Договорни услуги во износ од 31 илјади денари и
    - Купување мебел и канцелариска опрема во износ од 16 илјади денари.
- ставката Тековно одржување е преценета во износ од 314 илјади денари поради што е потценета ставката Основно и специјално одржување за извршени реконструкции на општинската зграда.

**Препорака:**
При евидентирањето на расходите правилно да се применува Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

## 10.4. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба

10.4.1. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на позициите Постојани средства и Извори на средства, кои во Билансот на состојба на ден 31 декември 2004 година се проценети во поединечен износ од 1,811 илјади денари поради следниве причини:

- Не се превземени активности за обезбедување имотни листи за недвижниот имот согласно решението на Влада на РМ број 23-257/1 од 8.02.2000 година врз основа на спроведен делбен биланс, а со тоа и евидентирање на тие објекти во сметководствената евиденција на ЕЛС Липково ;

- Општина Липково располага со објект-зграда во с. Липково каде е сместена општинската администрација за која има поседовен лист бр.1103/1847 од 12.07.2000 година издаден од Државен завод за геодетски работи. Зградата нема проценета вредност и истата не е во евиденција на материјалните средства;
- Во периодот од 2001 до 2004 година не е спроведен ниту редовен ниту вонреден попис за утврдување на состојбата на средствата со кои располага општината после настаните во 2001 година во овој регион. Постојат средства кои се уништени (возило, компјутери, канцелариски намештај), а се водат во сметководствената евиденцијата на општината што доведува до нереално прикажување на состојбата на средствата и изворите на истите;
- Исправка на вредноста на материјалните средства не е извршена од 2001 година. Вредноста на исправката на материјалните средства искажана во главната книга во износ од 554 илјади денари за 2000 година е погрешно утврдена бидејќи како основица за пресметување на исправката е земана сегашната т.е. неотпишаната вредност на материјалните средства со состојба 31.12.2000 година, а не набавната вредност зголемена за извршената ревалоризиција согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- Преку проектот за Локален еколошки акционен план – ЛЕАП, на проектната канцеларија за општина Липково доделени се средства (компјутер, принтер, столици, маси, ЛЦД проектор чија вредност според финансискиот план на проектот е околу 5,000 евра) кои по завршувањето на реализацијата на проектот, јуни 2004 година, не се пренесени во владение на општината што е спротивно на одредбите во договорот за реализација на ЛЕАП програмата,и
- За набавките на мобилен телефон и аналоген мастер за кои се направени расходи во износ од 23 илјади денари, реновирање на фасадата на зградата во износ од 263 илјади денари не е извршено зголемување на Материјални средства и Изворите на капитални средства поради што истите се потценети.

Во сите овие случаи не е постапено согласно Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Непочитувањето на одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници придонесува за нереално проценување на состојбите на Материјалните средства и Изворите на средствата а со тоа и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

- Да се превземат активности за обезбедување на имотни листи за имотот доделен по делбениот биланс на РМ и општините;
- По пат на проценка да се утврди вредноста на не едвидентираниот имот и да се изврши негово евидентирање во сметководството на општината;
- Да се изврши проценка, превземање и евидентирање на опремата што и припаѓа на општина Липково по завршувањето на ЛЕАП Проектот;
- Да се воспостави книга на основните средства во која ќе се евидентираат промените на истите (набавки, отписи, исправки) согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

### 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

10.5.1. Поради неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки утврдени се следните наоди:

- Општина Липково не води регистар на јавните набавки што е спротивно на член 17 од Законот;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност согласно член 72 став 3 од Законот;
- Не се води посебна евиденција за малите набавки согласно истиот член;

- Не е спроведена соодветна постапка за набавки од мала вредност во износ од 809 илјади денари (Прилог бр.2 точка 1);
- Извршени се набавки во износ од 1,307 илјади денари без спроведена постапка за јавна набавка (Прилог бр. 2 точка 2).

Неспроведување на постапките за јавни набавки согласно Законот создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

- Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, и
- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките од 10.3. е преценување на расходите во износ од 4,796 илјади денари и потценување на вишокот на приходи над расходи за истиот износ во Билансот на приходи и расходи за 2004 година.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.3. и 10.4. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Липково на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.3. и 10.5 кај Органот на општина Липково не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14.Обрнуваме внимание дека Општина Липково е тужена странка во судски спорови и тоа со:

- ТД „Маврово инженеринг“ Скопје - за изградба на улица во с. Слупчане - 3,191 илјади денари;
- АДГ „Маврово“ Скопје - изградба на патен правец с. Оризаре - с. Слупчане - 8,205 илјади денари по основ на обврски од Фондот за комунално уредување;
- АД „Козјак“ Куманово - набавка на песок во 1998 г. - 75 илјади денари;
- АД „Козјак“ Куманово - планирање и валирање на игралиште на ФК „Беса“ - 100 илјади денари;
- ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово - оформување на зелена површина во двор на општина Липково - 69 илјади денари;
- „Ауто Мак Зоран и др “ - нема податок – 53 илјади денари, и
- ТД „Бисерка“ Куманово - нема податок – 34 илјади денари.

Исто така Општина Липово е тужител во спорови со физички лица за утврдување на сопственост без утврдена вредност и нарушено владение во износ од 40 илјади денари.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Липково за годината која завршува со 31 Декември 2004 година.

**Скопје, 19.05.2006 година** | **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ОПШТИНА ЛИПКОВО - ОРГАН**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 денари.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 9 | 43 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 17,132 | 16,358 |
| **Вкупно приходи** | | **17,141** | **16,401** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 6,899 | 7,048 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 7,084 | 6,821 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 2,884 | 2,419 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **16,867** | **16,288** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 274 | 113 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **274** | **113** |
| **Вкупно расходи** | | **17,141** | **16,401** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **0** |

## ОПШТИНА ЛИПКОВО - ОРГАН

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 денари.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 9 | 43 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 17,132 | 16,358 |
| **Вкупно приходи** | | **17,141** | **16,401** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 6,899 | 7,048 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 7,084 | 6,821 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 2,884 | 2,419 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **16,867** | **16,288** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 274 | 113 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **274** | **113** |
| **Вкупно расходи** | | **17,141** | **16,401** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **0** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 Јануари 2004** | **1,811** | **-** | **1,811** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | - | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | - | | - |
| **Состојба на ден 31. Декември 2004** | **1,811** | **-** | **1,811** |